„Планирање на дополнителна образовна поддршка користејќи ја МКФ“
(МКФ-план)

Еразмус+ проект, 2022-1-AT01-KA220-SCH-000085006

Времетраење: 01.10.2022 – 30.09.2024

Билтен бр. 1
Октомври, 2022

## *За што станува збор во проектот?*

„МКФ-план“ има за цел да им овозможи на стручните лица во училиштата да користат едноставна електронска алатка за планирање на дополнителна образовна поддршка заснована на МКФ и со тоа да ги подобри можностите за учење на учениците со потешкотии во развојот. Ова ќе биде постигнато преку вовед на Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ) како заеднички јазик во процесите на планирање на образовна поддршка во училиштата.

## *Како тоа функционира?*

Проектот ги поддржува стручните лица да ја користат едноставна електронска алатка базирана на МКФ при креирањето на анонимни индивудуални планови за поддршка.

Во овој процес стручните лица ќе бидат подржани преку четири бесплатни алатки (датотеки за помош) кои ја следат основната структура на МКФ:

1. Материјали за обука за соодветните специфични здравствени домени на МКФ.

2. Примери за најдобра практика на веќе достапни примери за планирање на поддршка базирани на МКФ.

3. Пакет со алатки со линкови до постоечки други проекти [www.icfcy-meduse.eu](www.icfcy-meduse.eu) , [www.icf-school.eu](www.icf-school.eu) и [www.icf-inclusion.net](www.icf-inclusion.net) кои се однесуваат на проценка на учество и планирање на цели за учество.

4. Одговори на често поставувани прашања (ЧПП) од претходно практично искуство со МКФ.

Поврзаноста помеѓу алатките се прикажани на Слика 1.




Слика 1. Поврзаност помеѓу проектните алатки

## *Учество во проектот*

Доколку вие и/или вашето училиште сакате да учествувате во проектот (на пр. да ги испробате производите/алатките на проектот), ве молиме контактирајте нè:
Проф. Д-р Манфред Претис:
[office@sinn-evaluation.at](mailto:office@sinn-evaluation.at)

м-р Розита Петринска-Лабудовиќ
[contact@educationforall.org.mk](mailto:contact@educationforall.org.mk)

## *Проектни партнери*

**Австрија:**
- Д-р Претис – координација
- Универзитетски колеџ за образование на наставници Штаерска
- ДИ Вилхелм Штадлер
- Приватен универзитетски колеџ за образование на наставници

**Северна Македонија:**
- Здружение за унапредување на образованието, културата и спортот, „Образование за сите“ Скопје
- Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија
- Општина Центар, Скопје

**Турција:**
- Дуду Мелек Ер (Мелек Академи)
- Центар за насоки и истражување, Чорум

*Авторот е единствено одговорен за содржината на оваа публикација; Комисијата нема да биде одговорна за каква било понатамошна употреба што може да се направи на информациите содржани во неа.*